Република Северна Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 5**

**25.03.2019**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Набавка на четири минибуси за превоз на ученици од основните и средното училиште"**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Набавка на четири минибуси за превоз на ученици од основните и средното училиште" донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-303/1 Општина Демир Хисар
25.03.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 22.03.2019 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Набавка на четири минибуси за превоз на ученици од основните и средното училиште"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како дополнително сопствено учество за реализација на проектот **"Набавка на четири возила за транспорт на ученици во Општина Демир Хисар".**

Постигната вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 13.724.816,00 денари (по спроведен повик за поднесување понуди). Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со долгорочно домашно задолжување на општината во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) во вредност од 13.500.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 224.816,00 денари ќе биде дополнително сопствено учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-299/2 Претседател на
22.03.2019 год. Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за реализација на проект Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката", „Илинденска", „Ѓорѓи Сугарев", дел од улица „1-ви Мај", дел од улица „Партизанска"**

1.Ја објавувам Одлуката за реализација на проект Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката", „Илинденска", „Ѓорѓи Сугарев", дел од улица „1-ви Мај", дел од улица „Партизанска" донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-303/2 Општина Демир Хисар
25.03.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 22.03.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
за реализација на проект
Реконструкција со ревитализација на улици:
„Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека проект **Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“** е приоритет за Општина Демир Хисар и истиот е вклучен во Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2019 година.

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност Општина Демир Хисар да аплицира до Министерство за финансии за обезбедување на средства.

Член 2

Проценетата вредност на проектот изнесува 5.430.774,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со долгорочно домашно задолжување на општината во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП).

Член 3

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за реализација на проект Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“ заверена под број 17-611/14 од 27.06.2018 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 13/2018).

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-299/3 Претседател на
22.03.2019 год. Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Демир Хисар во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

1.Ја објавувам Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Демир Хисар во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 22.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-303/3 Општина Демир Хисар
25.03.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 88/08 и 35/11), и член 36 од Законот

за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 22.03.2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**За долгорочно домашно задолжување на општина Демир Хисар во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Демир Хисар, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина на 5.430.774,00 денари, а со цел финансирање на проект **Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката", „Илинденска", „Ѓорѓи Сугарев", дел од улица „1-ви Мај", дел од улица „Партизанска"**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 12 години**
- **грејс период: 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 28.02.2030 година**

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Демир Хисар во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) заверена под број 17-611/15 од 27.06.2018 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 13/2018).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-299/4 Претседател на
22.03.2019 год. Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р

-----------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Набавка на четири минибуси за превоз на ученици од основните и средното училиште"--1
2.Одлука за реализација на проект Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката", „Илинденска", „Ѓорѓи Сугарев", дел од улица „1-ви Мај", дел од улица „Партизанска"------------------------------------------2
3.Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Демир Хисар воп рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)--------------------------------------2-3

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**